ОДУ.бр.393/25

**Република Северна Македонија**
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
**за подрачјето на основните**
**судови на градот Скопје**
**ул."Пролет" број 35 А Скопје**
**2025.05.29**

# ЗАПИСНИК

**од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**

Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
на подрачјето на основните
судови на град Скопје
ул.”Пролет”број 35А Скопје
**2025.05.29**
13:00(тринаесет)часот

**ОДУ.бр.393/25**

**ИЗВОД**

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул.”Пролет”број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаидваесетипетта година, месец мај, ден дваесетидевети, врз основа на писмено Барање од НЛБ Банка АД Скопје, заведено под број 0302/16243-1 од 05.05.2025 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, закажано за ден 29.05.2025 (ден дваесетидевети, месец мај, двеилјадитаидваесетипетта) година, со почеток во 13:00 (тринаесет) часот, во седиштето на НЛБ Банка АД Скопје на ул.”Водњанска” број 1 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговските друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Годишно собрание на акционери, го сочинив следниот-----------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

**З А П И С Н И К**

**од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:-----------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје, ЕМБС 4664531, со седиште на ул.”Водњанска” број 1 Скопје е запишано во единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија - Скопје, видно од увид во Тековна состојба /електронски издаден документ/ издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија – Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 0805-50/150020250207062 од 29.5.2025 година.-----------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно Акционерската книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 29.05.2025 година – 09:11:27 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје /електронски издаден документ/, која е прилог на овој записник, а кои се водат под ISIN MKTNBA101019, утврдив дека издавачот НЛБ Банка АД Скопје издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 (еднаилјада) МКД, со вкупен број на ХВ: 854.061 (осумстотини педесетичетириилјадиишеесетиеден), со вкупен номинален капитал од 854.061.000,00 МКД (осум стотинипедесетичетиримилиониишеесетиеднаилјададенари), број на гласови 854.061 (осумстотинипедесетичетириилјадиишеесетиеден), состојба-Активен, број на иматели 1361 (еднаилјададаитристотинишеесетиеден) со број на сопственички позиции 1367 (еднаилјадаи тристотинишеесетиседум).---------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на НЛБ Банка АД Скопје се физички и правни лица.------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата на Собранието е свикана врз основа на член 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, а согласно Одлука за свикување на Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и за утврдување на дневен ред за Собранието донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 20.03.2025 година, заведена под број 0203-133 од 20.03.2025 година, која е прилог на овој записник и Одлука за измена и дополнување на Одлука за свикување на Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 24.04.2025 година, заведена под број 0203-197 од 24.04.2025 година, која е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва, со Јавен повик во дневен весник “Вечер” од 28.04.2025 (ден дваесетиосуми, месец април, двеилјадитаидваесетипетта) година, во кој е објавено дека Годишното собрание на акционери ќе се одржи на ден 29.05.2025 година, со почеток во 13:00 часот, во просториите на НЛБ Банка АД Скопје на ул.”Водњанска” број 1 Скопје, а во кој е објавен дневниот ред на Годишното собрание на акционери, а кој е прилог на овој записник .-----------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 13:06 часот (тринаесетчасотишестминути) и ја отвори Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, кој најпрвин ги поздрави присутните акционери и констатира дека предлогот на Дневниот ред на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје уредно е објавен во Јавниот повик во дневниот весник “Вечер”--------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

од 28.04.2025 година, како и дека материјалите од ова Собрание согласно јавниот повик за свикување на Годишното собрание беа достапни за увид во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, во Секторот за правни работи и секретаријат, секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик, како и на интернет страницата на НЛБ Банка АД Скопје www.nlb.mk. Присутни на оваа седница на Собрание на акционери се Претседателот на Управен одбор Тони Стојановски, членот на Управен одбор Петер Зелен и членот на Управен одбор Катерина Јанковиќ.------------------------

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, констатира дека врз основа на потпишаниот Список на присутни акционери односно нивните полномошници со што го верификуваа своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), а кој список е прилог на овој записник, од вкупниот број 854.061 обични акции со право на глас, присутни се акционери кои поседуваат **749.293 акции со право на глас** што претставува **87,9 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание, согласно акционерската книга издадена на денот одржувањето на ова Собрание, што значи дека на седницата на Собранието се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно обично мнозинство, што значи Собранието има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, со прилог кон истиот Известување за учество на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, 29.5.2025 година од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана за неговото присуство преку своите полномошници секој поединечно адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје и адвокат Сања Стрезоска Неделковски од Скопје од 21.05.2025 година, врз основа на Полномошно дадено од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, заверено кај Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.ОВ.3230/2025 од 22.05.2025 година.------------------------

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, истакна дека Списокот на присутни акционери на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје со свој потпис ќе го завери Претседавачот на Собранието и Нотарот. Од верификуваниот список за присуство Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката.------------------------

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, истакна дека предлогот на дневниот ред е објавен во Јавниот повик и на официјалната интернет страница на друштвото за свикување на денешната седница на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, па за денешното Годишното собрание на акционери се предлага следниот:------------------------

**ДНЕВЕН РЕД**

1.**Избор** на претседавач на Собранието; ------------------------

2.**Избор** на записничар и бројач на гласови на Собранието; ------------------------

3.**Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година, со:------------------------
*Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година;------------------------
***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година; ------------------------

4.**Извештај** на Ревизорската куќа Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година, со:------------------------
***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година;------------------------
***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година; ------------------------

---

**5.Извештај** на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година, со:---
***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година;---
***Предлог – Одлука** за разгледување и прифаќање на Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година;---

---

**6.Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2024 година со вклучени резултати од поединечна и колективна **Оцена** на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2024 година, со:---
***Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година; ---

---

**7.Предлог – Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор; ---

---

**8.Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор во 2024 година, со:---
* **Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работа на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година;---

---

**9.Предлог - Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор; ---

---

**10.Предлог – Одлука** за усвојување на Годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година;---

---

**11.Предлог – Одлука** за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година; ---

---

**12.Предлог – Одлука** за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје; ---

---

**13.Предлог – Одлуки** за реименување на членови на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје; ---

---

**14.Предлог – Одлуки** за именување на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје; ---

---

**15.Предлог – Одлуки** за одобрување на Политика на наградување на НЛБ Банка АД Скопје; ---

---

**16.Предлог – Одлука** за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.---

---

**17.Предлог – Одлука** за назначување на друштво за вршење на ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година.---

---

Се премина на точка **1** од Дневниот ред **Избор на Претседавач на Собранието**.---

---

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана истакна дека, согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание. Согласно законските прописи Претседавач на Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор на Банката, па праша дали некој има предлог. За збор се јави акционерот Донка Марковска и го предложи адвокатот Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д за Претседавач на ова Собрание.

---

На ваквиот предлог Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој не даде забелешка и немаше друг предлог, Предлог-одлуката за избор на Претседавач на Собранието ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 749.293 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ---

---

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на претседавач на Собранието,** која е прилог на овој записник односно **Претседавач на Собранието на акционери**, согласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва е избран **акционерот Нова Љубљанска банка Д.Д. Љубљана - преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје**.-------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието се заблагодари за изборот и довербата и премина на точка 2 од Дневниот ред **Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието**.------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневен ред за записничар на денешното Собрание на акционери се предлага Нотар Нада Палиќ од Скопје кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието и за бројач на гласови на денешното Собрание на акционери се предлагаат да бидат избрани Мила Божиновска, Андријана Бучковска и Кристина Јовановска-Јовчевска, правници во Секретаријат при Сектор за правни работи и секретаријат, па праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше забелешки и друг предлог, Предлог-Одлука за избор на записничар и бројач на гласови, ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 749.293 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на записничар и бројач на гласови**/која е прилог на овој записник/.-----------------------------------------------------------

Се премина на точка 3 од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година, со:-----------------------------------------------------------------------------------------------

***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година;----------------------------------------------------------------------------------------------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година; -------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година од Март 2025 година, со Мислењето кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2024 година од Надзорниот одбор до Собранието на Банката и Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година, се прилог кон материјалите за оваа седница /прилози на овој записник/, па му даде збор на Претседателот на Управен одбор Тони Стојановски, кој се заблагодари на присуството на овогодишното Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка и се осврна на работењето на Банката во изминатиот период. -------------------------------------------

"Во 2024 година, македонската економија се соочи со значителни предизвици, како на домашен така и надворешен план, кои креираа променлив економски амбиент во текот на годината. --------------------------

Кредитниот раст на ниво на банкарски сектор достигна високи 11,2% на годишно ниво, при што кредитите кај претпријатијата се зголемија за 13,9% додека кај домаќинствата за 8,8%, во рамки на кои станбеното кредитирање се зголеми за 12,5%, а потрошувачките кредити се зголемија за 7,5%. Депозитите кај банкарскиот сектор за зголемија за 12,4%, со раст од 9,2% кај претпријатијата и 13,8% кај домаќинствата. Во текот на 2024 година НЛБ Банка Скопје, работеше во согласност со својата деловна политика, активно следејќи ги пазарните движења и потребите на клиентите и пазарот правец на поголема достапност на финансиски средства до клиентите, обезбедување иновативни пристапи до Банката и брзи и квалитетни процедури, притоа водејќи грижа за одржливиот развој на заедницата и влијанието врз животната средина.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Како резултат, на крајот на 2024 година, вкупната актива на Банката достигна 131 милијарди МКД (2.1 милијарди ЕУР) што е за 12,7% повеќе во однос на претходната година, при раст на вкупните кредити од 13,6%. Зголемувањето на кредитирањето се одвиваше со засилена динамика во втората половина на годината, со раст кај претпријатијата од 18,8% и кај домаќинствата од 9,7%. Притоа, квалитетот на портфолиото и понатаму продолжи да се подобрува, а уделот на нефункционалните кредити дополнително се намали на 2,9%.Од аспект на изворите на финансирање – вкупните депозити забележаа годишен раст од 15,6%, при раст на депозитите од домаќинствата и претпријатијата за 16,2% и 15,7%, соодветно. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје ја заврши 2024 година со нето-добивка од 3.3 милијарди МКД (53.6 милиони ЕУР), што претставува годишен пораст од 2,4% со исклучително високи показатели за профитабилност, --------

реализиран поврат на капитал (РОЕ нето) од 18,7% и повратот на средства (нето РОА) 2,7%. Во текот на 2024 година, со воведувањето на Минимален глобален данок во Република Северна Македонија, Банката пресмета дополнителен данок од добивка со што вкупната даночна стапка на остварената бруто добивка за 2024 година достигна 15%.---

Вкупниот капитал, резерви и капитални инструменти на крајот на годината достигнаа 17.797 милиони МКД (289.4 милиони ЕУР) со што се обезбеди раст на вкупната ризично пондерирана актива од 9,5% (136 милиони ЕУР), притоа беа исполнети сите регулаторни капитални барања. ---

Исто така истакна дека живееме во време на енормна трансформација во поглед на развојот на дигиталните технологии и вештачката интелигенција, што трајно го менува начинот на којшто работевме до сега и начинот на кој користиме услуги во секојдневието. Оваа трансформација од нас бара да обезбедиме производи и услуги на начин и во време кое го диктираат новите потреби на клиентите, со врвно корисничко искуство, независно во кој дел од светот се наоѓаме и ги користиме услугите. Во тој контекст во текот на 2024 година, Банката овозможи користење на Garmin Pay – дигитален паричник за бесконтактно плаќање преку Garmin паметни часовници, имплементира Smart POS сервис- една од најнапредните технологии во областа на плаќањата со картички и имплементира на PayByLink сервис – наменет за „e-commerce“ трговците.---

Исто така, во текот на 2024 година, Банката продолжи со поддршка на инвестициските активности на клиентите во областа на квалитетни проекти со зелена компонента со кои се овозможува зелената транзиција во државата, што резултираше со вкупно салдо на зелени кредити кај претпријатијата во износ од 2.460 милиони МКД и кај домаќинствата во износ од 833 милиони МКД.---

Покрај одличните резултати од редовното работење, во изминатата година Банката реализираше низа општествено одговорни проекти со значајно влијание во заедницата во која делува. Во таа насока, Банката оддели значителни средства за спонзорства и донации, а меѓу позначајните се: донацијата за интраклиничкиот транспортен систем за предвреме родени бебиња на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје, медицински апарат за Одделот за цистична фиброза при Универзитетска клиника за детски болести во Скопје, пакети со храна за лица во висок социјален ризик во соработка со Црвениот крст, како и донации и спонзорства за бројни проектни активности на неколку граѓански организации, националната федерација на слепи, бројни професионални спортски клубови и поединци, како и на спортисти на Специјалната олимпијада за реализација на нивните годишни активности.---

Потврда за успешното работење на НЛБ Банка АД Скопје во поглед на деловните резултати, позитивниот имиџ и препознатливоста, како и високо развиената корпоративна општествена одговорност се и стекнатите меѓународни и национални награди и признанија:---

-Признание за добри ESG-практики (од Македонската берза и Американската стопанска комора);---

-„Лидери на донирањето“ (од организацијата Конект и УСАИД);---

-„Оскар на хуманоста“ од Црвениот крст на Град Скопје;---

-„Најдобри практики во корпоративна филантропија“ (од Американската стопанска комора, УСАИД и организацијата Конект);---

-„Златен поддржувач“ на активностите на Црвениот крст (од Црвениот крст на Република Северна Македонија);---

-Плакета за особен придонес и поддршка на Специјалната олимпијада на Република Северна Македонија (од Специјалната олимпијада).---

---

Успешното работење во 2024 година се препознава и преку пазарната цена на акциите на НЛБ Банка АД Скопје која забележа највисок годишен раст од 89,2%, со пазарна капитализација од 48 милијарди МКД (раст 90,1%) и квалификација за една од најтргуваните хартии од вредност на официјалниот пазар на Македонската берза. Дивидендата по акција од добивката за 2024 година (која е предлог за усвојување на ова СОбрание) изнесува 2.596 МКД (42,2 ЕУР), односно 12% од книговодствената вредност на акцијата.---

---

Во годините кои се пред нас, НЛБ АД Банка Скопје ќе продолжи да работи со засилена динамика на остварување на стратегијата на НЛБ Групацијата, која е и наша стратегија и според вредностите кои ги негува и следи. ---

Водени од своите вредности, ние ќе продолжиме со унапредување на капацитетите со потребен акцент на дигитализацијата и на вештачката интелегенција, проширување на изборот на производи и услуги како банкарски и така и небанкарски, подобрување на корисничкото искуство и зголемување на задоволството на клиентите. ---

Во 2024 година, НЛБ Групацијата ја усвои новата бизнис стратегија поставувајќи визионерски пат до 2030 година, со цел да го удвои билансот на состојба, приходите и профитот на членките и на целата Групацијата. Клучните столбови на оваа стратегија вклучуваат засилување на водечката позиција во банкарство на мало, прераснување во врвна корпоративна и инвестициска банка и забрзување на ---

---

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
транзицијата кон дигиталните плаќања, проследено со подобрување на искуството на клиентите, искористување на напредните технологии и внимателно управување со ризиците:-------------------------------
Овој амбициозен план ја одразува нашата посветеност да ги надминеме очекувањата и да ги искористиме новите можности, со цел да обезбедиме значајни услуги за нашите клиенти, да одржуваме стабилност и да поттикнуваме раст на пазарите каде што работиме, како и да ја зголемиме вредноста за нашите акционери.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Почитувани, на крајот би сакал да изразам искрена благодарност во името на сите вработени, менаџментот и во мое лично име, за Вашата континуирана поддршка не само како наши акционери, туку и како клиенти и деловни партнери, како и за довербата која ни ја давате за иднината. Ние ветуваме дека во следниов период нашите клиенти ќе имаат можност за уникатно искуство, а НЛБ Банка Скопје ќе биде препознена како банка на иднината. -----------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционерот Венко Темелковски, кој упати честитки за успешната работа и постигнатите резултати и со надеж дека ќе биде подобро во 2025 година. Како никој друг не зема збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 749.293 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година** /прилог на овој записник/.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на точка **4 од Дневниот ред** **Извештај** на Ревизорската куќа Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година, со:--------------------------------------------
***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година;------------------
***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година.-------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банки, Надзорниот одбор на Банката го разгледува Извештајот на Друштвото за ревизија за финансиските извештаи и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката, а согласно Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Банката на Собранието му поднесува писмен Извештај за контрола по Извештајот на Ревизорската куќа, за извршена ревизија на финансиските изврштаи за претходната деловна година.--------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Исто така Претседавачот на собранието истакна дека Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година од 02.04.2025 година, со Извештајот за резултатите од ревизијата спроведена од страна на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за годината која завршува на 31.12.2024 со Мислење за извештајот на друштвото за ревизија од Надзорниот одбор од 20.03.2025 година, со прилог Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2024 година од Март 2025 година и Предлог – Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година со Мислење на Назорниот одбор по Извештајот, се прилози кон материјалите за оваа седница/прилози на овој записник/. Исто така истакна дека присутен на оваа седница на Собрание на акционери е Благица Шорева-претставникот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, па праша дали некој бара збор. За збор се јави Благица Шорева-претставникот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје која се заблагодари на соработката и подршката од страна на менџментот на Банката. Како никој друг не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година со Мислење на Назорниот одбор по Извештајот, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. ---------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 749.293 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2024 година со Мислење на Назорниот одбор по Извештајот**/прилог на овој записник/.-

Се премина на точка **5** од Дневниот ред **Извештај** на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година, со:--
***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година;----------------------------------------------------------------
***Предлог – Одлука** за разгледување и прифаќање на Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година.------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година од 02.04.2025 година, со Извештајот за резултатите од ревизијата спроведена од страна на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за годината која завршува на 31.12.2024 со Мислење за извештајот на друштвото за ревизија од Надзорниот одбор од 20.03.2025 година и Предлог – Одлуката за разгледување и прифаќање на Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година со Мислење на Назорниот одбор по Извештајот, се прилози кон материјалите за оваа седница/прилози на овој записник/, па праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за разгледување и прифаќање на Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година со Мислење на Назорниот одбор по Извештајот, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 749.293 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------

